**Известување за концентрација со која Боскар д.д. Хрватска и Регал Трговина д.о.о Словенија ќе стекнат заедничка контрола над ПИК Врбовец плус д.о.о, Хрватска (предмет бр. 08-103/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 23.06.2026 година, а дополнето на 01.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Боскар д.д. со седиште на ул.града Вуковара 23, Загреб, Хрватска и Регал -Трговина д.о.о со седиште на ул. Стефана Ковача 10, Мурска Субота, Словенија преку своето зависно друштво ФФП Меат Дивисион д.о.о, со регистрирано седиште на ул. града Вуковара 23, Загреб, Хрватска, имаат намера да стекат директна контрола врз ПИК Врбовец плус д.о.о друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на ул. Загребачка 148, Врбовец, Хрватска, преку купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ФФП Меат Дивисион д.о.о** е под заедничка контрола на БОСКАР д.д. и РЕГАЛ- Трговина д.о.о. Согласно Договорот за купопродажба на удели, ФФП Меат Дивисион стекнува 100% сопственички удел во ПИК Врбовец д.о.о. Соодветно на тоа, БОСКАР д.д. и РЕГАЛ-Трговина д.о.о, ќе стекнат заедничка контрола врз ПИК Врбовец д.о.о.

1. **Боскар д.д.**

**Боскар д.д.** е матично друштво на Боскар Инвест (Bosqar Invest) Групацијата. Боскар Инвест работи преку четири главни деловни вертикали:

-BPTO (надворешно доверување на деловни процеси и технологија - outsourcing), под брендот Мплус (Mplus),

-HR (услуги за управување со човечки ресурси), под брендовите Манпоуер (Manpower) и Воркплејс (Workplace),

-е-трговија, под брендот Еплус Вентурес (Eplus Ventures), и

-прехранбен сектор.

Во Република Северна Македонија, Боскар д.д. остварува приходи во областите на надворешно доверување на деловни процеси и технологија, услуги за човечки ресурси и прехранбен сектор.

Во областа на надворешно доверување на деловни процеси и технологија, Боскар д.д. делува во Северна Македонија индиректно преку своите клиенти.

Во областа на услуги за човечки ресурси, Боскар д.д. работи преку своите поврзани друштва регистрирани во Република Северна Македонија, и тоа:

1.Друштво за посредување и услуги ВОРКПЛЕЈС ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 15А/1-3, Скопје, со регистрирана дејност 84.130 – регулирање и давање помош за поуспешно деловно работење и

2.Приватна агенција за вработување ВОРКПЛЕЈС ПОСРЕДУВАЊЕ И ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Партизански одреди“ бр. 15А/1-3, Скопје со регистрирана дејност 78.200 – дејности на агенции за привремено вработување и друго обезбедување човечки ресурси.

Во прехранбениот сектор, вклучувајќи трговија на големо со месо и производи од месо, Боскар д.д. остварува приходи преку друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д., кои се контролирани од Панвита Холдинг и заеднички контролирани од Боскар д.д. и Регал –Трговина д.о.о.

Во Република Северна Македонија друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д., Производите на Панвита се присутни на пазарот на непреработено пилешко месо (свежо и замрзнато), преработено пилешко месо и преработено свинско месо.

2. **Регал - Трговина д.о.о** не врши оперативни деловни активности и приходите ги остварува исклучиво од дивиденди.

Во Република Северна Македонија, Регал нема регистрирани подружници, но остварува приходи преку друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д. кои се контролирани од Панвита Холдинг и заеднички контролирани од Боскар д.д и Регал-Трговина д.о.о. Во Република Северна Македонија друштвата Панвита Агромеркур д.о.о и Панвита Мир д.д., Производите на Панвита се присутни на пазарот на непреработено пилешко месо (свежо и замрзнато), преработено пилешко месо и преработено свинско месо.

3. **ПИК Врбовец плус д.о.о.**

ПИК Врбовец плус д.о.о., се занимава со производство, продажба и дистрибуција на свежо црвено месо и преработени производи од месо во Хрватска и регионот.

Во Република Северна Македонија, ПИК Врбовец плус д.о.о. е присутен на пзарот на непреработено свинско месо (свежи и замрзнато) и преработено свинско месо.

За потребите на оценка на предметната концентрација,подносителот на известувањето смета дека релевантниот пазар може да се дефинира како пазар на големопродажба на непреработено свинско месо (свежи и замрзнато) и преработено свинско месо Република Северна Македонија.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантниот пазар на производи да се дефинира пазар за електрична енергија и пазар за топлинска енергија, а како релевантен географски пазар Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.07.2026 година
Скопје